Врз основа на член 17 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните („Службен весник на Република Македонија“, бр.36/92), министерот за внатрешни работи донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОБРАСЦИТЕ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ОДЈАВУВАЊЕ НА ЖИВЕАЛИШТЕ И ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕ, ПРИЈАВУВАЊЕ НА ПРОМЕНА НА АДРЕСА НА СТАНОТ НА ГРАЃАНИТЕ, ЗА ЕВИДЕНЦИЈА И ЗА ОБРАЗЕЦОТ НА КНИГАТА ЗА ГОСТИ

Член 1

Пријавување и одјавување на живеалиште и пријавување на промена на адресата на станот се врши на образецот број 1.

Пријавување и одјавување на престојувалиштето се врши на образецот број 2.

Член 2

Евиденцијата за живеалиште и промената на адреса на станот се води во вид на картотека и ги содржи картоните за издадени лични карти.

Член 3

Евиденција за престојувалиште на граѓаните се води во вид на картотека која се состои од поднесените пријави за престојувалиште или во вид на азбучен регистар, во зависност од бројот на пријавите.

Забелешка за продолжување на престојот согласно член 7 од Законот за пријавување на живеалиштето и престојувалиштето на граѓаните се става на првата поднесена пријава или во азбучниот регистар, во соодветна рубрика.

При одјавување на престојувалиштето пријавата се вади од картотека и се уништува, односно во азбучниот регистар се одбележува датумот кога граѓанинот се одјавил.

Член 4

Пријавување на престојувалиште кога се користат услуги за сместување се врши на образецот број 3.

Член 5

Книгата на гости се води на образецот број 4.

Член 6

Обрасците број 1 до 4 се отпечатени кон овој правилник и се негов составен дел.

Член 7

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.121-43871/1
2 декември 1992 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
д-р **Љубомир Фрчкоски,** с.р.

Образец број 1
ДО МВР-УВР-ОВР
(големина 210 x 148 мм)

Поднесувам:

- пријава односно одјава на живеалиште
- пријава за промена на адресата на станот

(Забелешка: потребното да се потцрта)

| | | |
|---|---|---|
| Презиме | | |
| Име | | |
| Име на родител | | |
| Роден-а | Ден, месец и година | |
| | Населба, општина (за родените во странство - населба и држава) | |
| Единствен матичен број | | |
| Националност | | |
| Претходно живеалиште | Населба, улица и куќен број | |
| | Општина, (за доселените надвор од РМ населба и држава) | |
| Пријавува, односно одјавува промена на живеалиште и адреса на стан (ново живеалиште) | Населба, улица и куќен број, општина (за отселените надвор од РМ - населба и држава) | |
| Регистарски број на личната карта и органот кој ја издал | | |
| Лично име на малолетно лице што го пријавува (член 3 став 3 од Законот) | | 1. ______<br>2. ______<br>3. ______<br>4. ______<br>5. ______ |
| Забелешка: | | |

Во__________________ Подносител на пријавата - одјава

______________ година

## ПОТВРДА ЗА ПРИЈАВА-ОДЈАВА НА ЖИВЕАЛИШТЕТО-ПРЕСТОЈУВАЛИШТЕТО

Од______________________________________ примена е пријава-одјава на живеалиштето-престојувалиштето во______ _____________________________ ул. ______________________________ бр. __________

Потврдата важи 8 дена од денот на издавањето.

Во________________ Потпис на овластеното лице

________ 19___ год. ______________________________

Образец број 2
ДО МВР-УВР-ОВР
(големина 21о х 148 мм)

Поднесувам:
- пријава односно одјава
на престојувалиштето

| | | |
|---|---|---|
| Презиме | | |
| И м е | | |
| Име на родител | | |
| Роден-а | Ден, месец и година | |
| | Населба, општина (за родените во странство - населба и држава) | |
| Единствен матичен број | | |
| Живеалиште | Населба, улица и куќен број | |
| | Општина | |
| Пријавува односно одјавува престојувалиште | Населба, улица и куќен број | |
| | Општина | |
| Пријавува привремено, должење или враќање во земјата (член 8 од Законот) | Населба и држава | |
| Регистарски број на личната карта и органот кој ја издал | | |
| Лично име на малолетно лице што го пријавува односно одјавува (член 4 став 2 и член 5 став 2 од Законот) | | 1. ____<br>2. ____<br>3. ____<br>4. ____<br>5. ____ |
| Продолжување на престојувалиштето (член 7 од Зак...) | | |

Во ________

________ г.

ПОДНОСИТЕЛ
...ијавата-одјавата

________________

Образец број 3
ДО МВР-УВР-ОВР
(големина 21о х 148 мм)

| | | |
|---|---|---|
| (назив или л. име, место и адреса на давателот на услугата за сместување) | | |
| Презиме и име | | |
| Роден | датум | |
| | место општина | |
| Живеалиште и адреса | | |
| Рег. број на л. карта и кој орган ја издал | | |
| Датум и час на сместување | | |

________________
(потпис на портирот - станодавецот)

Образец број 4
(големина 297 х 210 мм)

| Реден број | ПРЕЗИМЕ И ИМЕ | датум и место на раѓање | живеалиште и адреса | Рег. бр. на л. к. и кој орган ја издал | број на собата | датум и час на сместување | датум на заминување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |
| | | | | | | | |